*Work programme - Improved service delivery for citizens by active engagement of the Assembly*

За потребите на работната програма на ЦУП „Подобра испорака на јавните услуги за граѓаните со активна вклученост на Собранието” поддржана од Европската Унија, врз основа на Договорот за грант, извршниот директор од Центарот за управување со промени објавува:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ**

**04/2020**

**за набавка на услуги за следење и анализа на политики**

1. Центарот за управување со промени - ЦУП во рамките на програмата „Подобра испорака на јавните услуги за граѓаните со активна вклученост на Собранието” која е финансирана од Европската Унија, има потреба од набавка на услуги за следење и анализа на политики.
Подетален опис на бараните услугите се наоѓа во Проектната задача (ToP), која е дел од овој повик.

2. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
Потребно е да се испорачаат услугите по барање на нарачателот, а во периодот од април до декември 2020 година.
*ЦУП го задржува правото на утврдување на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачот.*

Набавката е неделива.

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

3.1. Кратка биографија (со јасно опишано образование и професионално искуство),
3.2. По избор: доказ за завршен најмалку втор степен високо образование во бараната област, доказ за наведеното професионално искуство.

3.3. Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Р. бр. | Услуга | Експертски денови | Единечна цена за ден нето/без персонален данок (во МКД) | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Придонес кон финализирање на методологијата за истражувањата што ќе ги спроведат граѓанските организации | 3 | | |
| 2. | Работилница за граѓанските организации за истражување, следење и анализа на политики | 2 | | |
| 3. | Подготвен документ за политики за подобрување на испораката на јавни услуги | 13 | | |
| 4. | Претставување на наодите и препораките од документот за политики на јавната дебата | 2 | | |
| | Вкупно | 20 денови | | |

Изборот на добавувач ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.
Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши и избор на понуда е следната:

| **Квалитативна евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| Образование | 10 |
| Генерално искуство од најмалку 5 години | 25 |
| Специфично искуство од најмалку 2 години или 2 изработени документа | 25 |
| Вкупно бодови за квалитативна евалуација | 60 |
| **Финансиска евалуација** | **Максимум можни бодови** |
| Вкупно бодови за финансиска евалуација | 40 |
| **Финална евалуација** | |
| Просечна оценка за квалитативна евалуација | 60 |
| Просечна оценка за финансиска евалуација | 40 |
| **Вкупна оценка** | **100** |

5. Услови и начин на плаќање

Плаќање: 50% од вкупната вредност на договорот во рок од 7 дена по потпишувањето на договорот и 50% односно втора рата од вредноста на вкупно испорачаните услуги, по целосно испорачани услуги предвидени во овој повик.

6. Набавката е **неделива**.

7. Начин на доставување на понудите

Понудите треба да се испратат електронски на е-мејл адресите: info@cup.org.mk и Iskra.belcheva@cup.org.mk со наслов на е-мејл пораката: **За Повик 08/2020 - програма „Подобра испорака на јавните услуги за граѓаните со активна вклученост на Собранието".**

Крајниот рок на доставување е до **30 март 2020 година до 12 часот**. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку е-мејл адресите: info@cup.org.mk и iskra.belcheva@cup.org.mk најдоцна до 26 март 2020 година.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена. Во случај кога експертот е одбран, истиот се обврзува да ги задржи понудените цени за времетраењето на кое се однесува предметната набавка.